Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр./Nr.Arh.УП1-11/4-357/2022

Дата/Data 03-06-2022 год. /viti

**ДО/DERI TE:** **Директор на Управа за животна средина**
**Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor**
**Hisen Xhemaili**

ПРЕДМЕТ/LENDA: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за Проектот: Изградба на автопат А4, подделница 2-изградба на автопат од клучката со локален пат за с.Блаце (клучка Блаце) до Скопје (клучка Стенковец), km 2+000 до – km 12+500 за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје

Почитувани,

Të nderuar,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Проектот: Изградба на автопат А4, подделница 2-изградба на автопат од клучката со локален пат за с.Блаце (клучка Блаце) до Скопје (клучка Стенковец), km 2+000 до – km 12+500 потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје изготви

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

# ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на Проектот: Изградба на автопат А4, подделница 2-изградба на автопат од клучката со локален пат за с.Блаце (клучка Блаце) до Скопје (клучка Стенковец), km 2+000 до – km 12+500 за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје изработена од ДЕКОНС-ЕМА ДООЕЛ од Скопје и како одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина Менка Спировска овластен експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје.

Целта на проектот е поврзување на Република Северна Македонија со Косово поточно поврзување на Скопје со ГП Блаце. Проектот предвидува изградба на мостови, потпатници, тунели, потпорни ѕидови, дренажни системи, пристапни патишта и сл. Должината на трасата ќе изнесува околу 10,5km.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: топографија, геологија, хидрогеологија површински и подземни води, воздух, вода, почва, отпад, ерозија, бучава, вибрации, флора и фауна, предел и визуелни ефекти, социјални елементи на животната средина, археолошко и културно историско наследство и кумулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на проектирање, изградба, оперативна фаза, и непредвидени незгоди (хаварии) во глава 5, глава 6, глава 7 и глава 8 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни.


Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 4
www.moepp.go

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: Изградба на автопат А4, подделница 2-изградба на автопат од клучката со локален пат за с.Блаце (клучка Блаце) до Скопје (клучка Стенковец), km 2+000 до – km 12+500 за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на Проектот: Изградба на автопат А4, подделница 2-изградба на автопат од клучката со локален пат за с.Блаце (клучка Блаце) до Скопје (клучка Стенковец), km 2+000 до – km 12+500 за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје

**Комисија:**

1. Билјана Петкоска
   ______________________
2. Илбер Мирта
   ______________________
3. Александар Петковски
   ______________________
4. Владо Атанасовски
   ______________________
5. Сашо Илиќ
   ______________________

**По овластување на Министер,**

**Директор на Управа за животна средина**
**Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor**
**Hisen Xhemaili**

Изработил/Përpiloi: Александар Петковски

Контролирал/Kontrolloi/Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска